Меѓународна научно-стручна конференција
**„ОБРАЗОВАНИЕ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ- АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ“**
13-15 октомври, 2022 година, Скопје, Р.Северна Македонија

---

# ИНФОРМАЦИИ ЗА КОНФЕРЕНЦИЈАТА

**Организатори:**

❖ Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија;
❖ Филозофски факултет Скопје, Институт за специјална едукација и рехабилитација;
❖ Педагошки факултет Тетово, Студии за специјална едукација и рехабилитација

**Покровител:**

**Министер за образование и наука г-дин Јетон Шаќири**

**Категории (подрачја) и теми:**

❖ Влијанието на дијагностиката и раната интервенција врз образованието на учениците со попреченост - клинички стратегии и трендови во рехабилитацијата:
- *Етиолошки аспекти на попреченоста;*
- *Влијанието на превенција и детекција врз образованието;*
- *Раната дијагностика и нејзиното значење за образованието;*
- *Влијанието на раната интервенција врз образованието;*
- *Методи и техники за проценка и третман;*

❖ Воспитание и образование на децата со попреченост во предучилишните установи:
- *Искуства од инклузија во предучилишните установи;*

❖ Основно образование на ученици со попреченост:
- Проценка на учениците со пореченост при вклучување во основно образование;
- Видови на поддршка во учењето за учениците со попреченост (образовна асистенција, лична асистенција, асистивна технологија, инклузивен тим);
- Улогата на Основните училишта со ресурсни центи и Центрите за поддршка во учењето во образованието;
- Индивидуален образовен план и Модифицирана програма;
- Следење, оценување и вреднување на постигнувањата на учениците со попреченост;

❖ Средно образование на ученици со попреченост:
- Искуства и перспективи;

❖ Високо образование на лица со попреченост

❖ Образование на учениците со попреченост во услови на пандемија:
- Искуства и перспективи;

❖ Социоекономски аспекти на образованието на лицата со попреченост;

- *Влијание на образованието во унапредување на квалитетот на живот на лицата со попреченост;*
- *Родителите и семејствата на лицата со попреченост како активни учесници во сите сегменти од процесот;*
- *Социјална инклузија на лицата со попреченост;*
- *Модели на поддршка на образованието на лицата со попреченост од страна на дневните центри и установите за социјална заштита;*
- *Професионална рехабилитација и вработување на лицата со попреченост;*
- *Улогата на НВО секторот во образованието и поддршката на лицата со попреченост.*

**<u>Цели на конференцијата</u>:**

❖ Вмрежување на институциите и зајакнување на комуникацијата на едукаторите, истражувачите, медицинските лица, родителите и на сите оние што се посветени на подобрување на образованието и квалитетот на живот на лицата со попреченост; размена на искуства и сознанија и давање предлози за унапредување на образованието, дијагностиката и рехабилитацијата на лицата со попреченост; согледување на предизвиците со кои треба да се соочи Република Северна Македонија во насока на унапредување на воспитанието и образованието на лицата со попреченост.

**Целни групи:**

❖ Стручни лица – специјални едукатори и рехабилитатори (различни профили), наставници, воспитувачи, психолози, педагози, логопеди, педијатри, психијатри, социјални работници и др.;

❖ Институции кои се занимаваат со образование, дијагностика, рехабилитација, третман и заштита на лицата со попреченост;

❖ Родители на деца со попреченост;

❖ Претставници од централната и локалната власт;

❖ Невладини организации.

**<u>Официјален јазик на конференцијата:</u>**

❖ Македонски јазик

❖ Албански јазик

❖ Англиски јазик

**<u>Форми на учество:</u>**

❖ Пленарно излагање

❖ Усно излагање

❖ Постер презентација

❖ Учество без излагање

**<u>Пријава за учество:</u>**

❖ Со пополнување на „Формулар за пријава на учество“ кој се презема од веб-страницата: www.sojuzser.org По пријавување за учество ќе добиете формулар за предрегистрација со одредена цена на котизација, а по уплатена котизација ќе добиете потврдна листа со референтен број која задолжително треба да ја носите со себе при

пристигнување на Конференцијата. Доколку во рок од 7 дена по пријавувањето не добиете повратна информација потребно е повторно да се обратите на меил адресата.

**Пријава на трудови:**

❖ Пополнување на „Формулар за пријава на труд“ на веб-страницата: www.sojuzser.org

❖ Преку електронска пошта на e-mail адреса:dsojuz@yahoo.com

**Публикации:**

❖ Сите пријавени трудови што ќе добијат позитивна рецензија ќе бидат објавени во Зборник на трудови

**Упатство за пишување на апстракти и трудови:**

❖ Упатството за пишување апстракти и трудови на македонски и англиски јазик се дадени во упатство за автори и може да се превземе од веб-страницата: www.sojuzser.org

**Котизација:**

❖ Уплати извршени до **20. Мај 2022 - 1200 денари** (за учесници од Р. Северна Македонија)**, 30 евра** за учесници од странство

❖ Уплати извршени до **10. Септември 2022 - 2400 денари** (за учесници од Р. Северна Македонија)**, 50 евра** (за учесници од странство)

❖ Уплати извршени по **10. Септември 2022 - 5000 денари** (за учесници од Р. Северна Македонија)**, 100 евра** (за учесници од странство)

❖ Членовите на Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Р. Северна Македонија (со регулиран статус во последните две години) и вработените во Филозофски Факултет Скопје и Педагошки факултет Тетово се ослободени од котизација, а за учество на конференцијата треба да платат „членарина за конференции“ во висина од **1000 денари до 20. Април 2022**

❖ Членовите на Друштво на дефектолози на Србија, Друштво на специјални и рехабилитациски педагози на Словенија, Сојузот на едукациски рехабилитатори на Хрватска, Здружението на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Српска, Здружението на дефектолози, едукатори-рехабилитатори во кантонот Сараево „СТОЛ“ Босна и Херцеговина и Друштвото на дефектолози на Црна Гора плаќаат котизација од **20 евра до 20. Мај 2022**, во согласност со потпишаниот Протокол за соработка.

❖ ***Котизацијата вклучува:*** *учество на конференцијата, материјали, сертификат за учество, освежувања во текот на паузите.*

## ❖ УПЛАТА НА КОТИЗАЦИЈАТА:

❖ За уплата од Р. Северна Македонија: Уплатата на котизацијата треба да се изведе на сметката: 300-0000001729-87 Комерцијална банка АД Скопје

❖ **За уплати од странство:** Уплатата на котизација се врши на жиро сметка на „Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Р. Северна Македонија“**,** Жиро сметка: 0270100352068 IBAN: MK 07300701003520679 Swift: KOBSMK2X, Банка: Комерцијална банка АД Скопје

**Сместување:**

**Конференцијата ќе се одржи во хотел Холидеј ИНН во Скопје, www.holidayinn.com**

Регистрација на учесниците е во Четврток, 13 октомври 2022 година. Престојот започнува со вечера, а заминувањето е предвидено за во Сабота, 15 Октомври 2022 (престојот завршува со ручек).

Цени за сместување:

| Хотел Холидеј Инн | Цена по лице | | |
|---|---|---|---|
| Вид на соба | Ноќевање со појадок | Полупансион (појадок и вечера) | Полн пансион |
| двокреветна | 3,276.00 ден. или 53 € | 4,200.00 ден. или 68€ | 5,440.00 ден. или 88€ |
| еднокреветна | 4,635.00 ден. или 75 € | 5,871.00 ден.или 95 € | 6,798.00 ден. или 110 € |

❖ Во цената за хотелско сместување е вклучена туристичка такса и ДДВ, интернет конекција, користење на Mini Gym и сауна, како и сет за подготовка на кафе и чај во секоја соба

❖ ***Ве молиме благовремено пријавете се.***

**Значајни датуми:**

❖ 15.05.2022 година – краен рок за пријавување на апстракти за трудови
❖ 20.05.2022 година – известување за прифаќање на апстрактите
❖ 30.06.2022 година – краен рок за доставување на трудовите
❖ 20.05.2022 година – краен рок за рана уплата на котизација
❖ 30.09.2022 година – краен рок за пријавување на учество на конференцијата
❖ 05.10.2022 година – краен рок за доставување на презентациите
❖ 13-15.10.2022 година – одржување на конференцијата